**20150401381**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11 и член 47 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/14 и 132/14), а во врска со член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.8.2014 година, и во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-1783/5 од 12.3.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, на 10-та седница одржана на 12.3.2015 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ДНЕВНАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ЗА КВАЛИТЕТОТ НА СНИМКИТЕ ОД ЕМИТУВАНАТА ПРОГРАМА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на Правилникот**

Со овој Правилник се пропишува начинот на водење на дневната евиденција од емитуваната програма и форматот и квалитетот на снимките од целокупната програма што радиодифузерите се должни да ги чуваат најмалку 60 дена по емитувањето.

Член 2
**Дефиниции**

За потребите на овој Правилник, одделни изрази го имаат следново значење:

- Аудиовизуелна програма е целина од подвижни слики со или без звук, што претставува посебен елемент во рамки на хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема);
- Аудио програма е музичка и/или говорна содржина што претставува посебен елемент во рамки на хронолошкиот редослед на програмите (програмската шема) утврден од давател на аудио медиумска услуга;
- Програмски сервис е целина од програми и другите сегменти на една единствена аудио или аудиовизуелна медиумска услуга што ја обезбедува конкретен радиодифузер и што е наменета за прием од страна на јавноста;
- Програма од сопствено производство е радио или телевизиска програма создадена по иницијатива и во организација на самиот радиодифузер, програма нарачана од радиодифузерот (нарачана продукција) или произведена во копродукција;
- Видови аудиовизуелни или аудио програми се осмислени целини со забавна, образовна и информативна функција;
- Други програмски сегменти во хронолошкиот редослед на програмите (програмската шема) се содржини кои не се категоризираат како видови програми;
- Излезен телевизиски сигнал е непрекинат сигнал што радиодифузерот го пренесува од излезниот уред (ТВ трансмитер) поставен во неговото студио до операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, операторот на дигитален терестријален мултиплекс или сателитскиот оператор, кои изворно и без модификации го емитуваат за гледање;

- Излезен радиски сигнал е непрекинат сигнал што радиодифузерот изворно го емитува од терестријален предавател или од уред поставен во неговото студио го пренесува до уред на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, операторот на дигитален терестријален мултиплекс или до сателитски оператор, кои изворно и без модификации го емитуваат за слушање.

Член 3

**Обврска за водење дневна евиденција**

Радиодифузерите се должни редовно и ажурно да ги евидентираат податоците за сите емитувани аудио или аудиовизуелни програми и за другите сегменти на програмскиот сервис.

Евиденцијата за емитуваните аудио или аудиовизуелни програми и за другите сегменти на програмскиот сервис се води врз дневна основа.

Радиодифузерот е должен да назначи најмалку едно лице кое ќе биде одговорно да се грижи за дневно водење на евиденцијата на емитуваните содржини на програмскиот сервис.

## II. ПОДАТОЦИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ ДНЕВНАТА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ СЕРВИСИ

Член 4

**Дневна евиденција на телевизиските програмски сервиси**

Дневната евиденција за емитуваните програми и другите сегменти на програмскиот сервис на телевизијата треба да ги содржи следниве податоци:

- датум на емитување;
- време на емитување;
- вкупно времетраење;
- наслов на емитуваната содржина;
- премиерно или репризно емитување (важи само за програмите);
- вид аудиовизуелна програма или програмски сегмент (според Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми[1]);
- тип на производство на аудиовизуелната програма (сопствено производство или туѓа програма);
- земја на производство (кога станува збор за туѓа програма);
- имател на правата (кога станува збор за туѓа програма);
- месец и година на производство;
- име на продуцентот (доколку програмата е создадена од независен продуцент).

Член 5

**Дневна евиденција на радио програмските сервиси**

Дневната евиденција на радио програмските сервиси треба да содржи податоци за емитуваните говорни, говорно-музички и музички целини, како и за другите сегменти од програмскиот сервис, и тоа:

- датум на емитување;
- време на емитување;
- вкупно времетраење;
- наслов на емитуваната содржина;

- вид аудио програма или програмски сегмент (според Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми);
- тип на производство на аудио програмата (сопствено производство или туѓа програма);
- земја на производство (кога станува збор за туѓа програма);
- месец и година на производство.

Член 6
**Обврска за доставување податоци за емитуваната програма**

Радиодифузерите треба редовно да го следат исполнувањето на своите програмски обврски утврдени со Законот, подзаконските акти и со програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување програмски сервис, врз основа на внесените податоци во дневната евиденција на емитуваната програма.

На барање на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерите се должни да достават податоци за емитуваните содржини на програмскиот сервис.

## III. СНИМАЊЕ НА ИЗЛЕЗНИОТ СИГНАЛ И КВАЛИТЕТ НА СНИМКИТЕ ОД ЕМИТУВАНАТА ПРОГРАМА

Член 7
**Снимање на излезниот сигнал**

Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата емитувана програма во облик каков што се распространува преку терестријален предавател, преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа или сателит.

Излезниот сигнал и сигналот што се гледа/слуша на приемниците треба да бидат идентични.

Снимањето на излезниот сигнал се врши секојдневно, односно започнува во 00:00 часот и завршува во 24:00 часот.

Член 8
**Формат на снимките и обврска за нивно доставување**

Снимките од емитуваната дневна програма, радиодифузерите се должни да ги чуваат најмалку 60 дена по емитувањето, складирани во датотеки означени според датумот на емитувањето на излезниот сигнал.

На барање на Агенцијата, радиодифузерите се должни во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на барањето, да достават исечок или интегрална автентична снимка од емитуваната дневна програма, во еден од следните формати: MP4 (H.264 AVC), AVI, ASF, WMF или друг дигитален формат.

---

[1] Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, на кое се реферира во членовите 4 и 5 од овој Правилник, е објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/14.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за техничките услови при задолжително снимање, чување и доставување на емитуваната програма („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/11).

Член 10

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-1878/1
12 март 2015 година
Скопје

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот,
**Лазо Петрушевски**, с.р.